Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 11/1-460/35
23.11.2020 год.
Скопје

# Записник од 14-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: | 23 NOV 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 11/1 | 460 | 35 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 26.10.2020 година | **Време** | 14:00 – 15:00 часот |
| **Бр. на седница** | 14-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Боро Јакимовски | |
| **Други присутни на состанокот** | Зоран Мурџев, Благој Стојанов, Милан Николовски, Сашко Стојчевски (независни експерти) и Сања Фрковиќ Гелевска, Канцеларија на ЕУ во Скопје | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 29.09.2020 година,
2. Усвојување на Препораки за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини согласно Програмата за работа на Влада (2020-2024) и НОБП,
3. Разно.

## БЕЛЕШКИ

Четиринаесеттата седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) која се одржа online ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК едногласно и без забелешки го усвоија записникот од 13-та седница, одржана на 29.09.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, појасни дека документот „Препораки за бесплатен државен wifi интернет на отворени јавни површини" е во согласност со Програмата за работа на Владата за периодот 2020-2024 година.

Бесплатниот државен WiFi треба да обезбеди пред се поддршка на развојот на туризмот и поттикнување на користењето на бродбендот во белите зони во државата. Трошоците за негово обезбедување ќе се покриваат со средства од буџетот на државата.

Инаку, утврдувањето на бројот и изборот на локации за WiFi точки го врши ЈП Македонска радиодифузија во соработка со НКБК, а во согласност со препораките од документот и во консултација со Министерството за информатичко општество и администрација, локалните самоуправи и надлежните институции за развојот на туризмот.

Буковалов детално ја опиша хронологијата на подготовка на документот, дека на негова изработка се започна уште во јули 2020, а дека на почетокот на септември 2020 конечна верзија на документот беше дистрибуирана до сите членови и надворешни

експерти на НКБК, како и до кабинетот на министерот за ИОА. Скоро сите препораки/забелешки кои во наведениот рок беа доставени единствено од кабинетот на Министерот за информатичко општетсво и адинистрација беe прифатени и вградени во нова верзија на документот, освен оние предлози кои се однесуваа на стандардите што треба да ги задоволува опремата на wifi точките. Бидејќи стандардите кои ќе треба опремата да ги исполнувавообичаено се составен дел на Техничките спецификации, а не на препораки/регулатива, истите ќе бидат земени предвид при подготовка на јавниот тендер за избор на оператор кој што ќе треба да ги обезбедува WiFi точките, а до тогаш може да биде публикуван некој нов стандард за WiFi опрема. Преработениот текст на предлог-препораките на 06.10.2020 год. беше доставен на повторна дебата до сите членови на НКБК, надворешните експерти кои учествуваа во неговото креирање како и до кабинетот, за доставување забелешки и коментари. Со цел документот да биде биде хармонизиран и со регулативата на ЕУ, истиот беше доставен и до претставник на канцеларијата на ЕУ во Скопје.

На последната верзија на препораките никој не достави забелешки (ниту од кабинетот на министерот, ниту член на НКБК, ниту надворешен експерт), а имајќи предвид дека на состанокот со министерот Јетон Шаќири се разговараше за потребата за нивно усвојување, седницата на НКБК за усвојување на Препораките за WiFi точки беше закажана за 26 октомври.

Членот на НКБК, Анастас Мишев, истакна дека НКБК посвети повеќе време стручно и експертски да ги изготви овие препораки и истите треба да бидат усвоени.

Сања Фрковиќ Гелевска од Канцеларијата на ЕУ во Скопје од своја страна истакна дека ќе ги информира колегите во Делегацијата за случувањата на овој план, појаснувајќи дека меѓу клучните точки на кои ЕУ става акцент е дигиталната трансформација.

По завршувањето на дискусијата, претседателот на телото, Димитар Буковалов, предлог документот/препораките ги стави на гласање.

**Заклучок 1:** Членовите на НКБК едногласно ги усвоија Препораките за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини согласно Програмата за работа на Влада (2020-2024) и НОБП.

**Заклучок 2:** Препораките официјално ќе бидат доставени до министерот за информатичко општество и администрација и до Агенцијата за електронски комукации и ЈП МРД, а ќе бидат поставени и на веб страната на НКБК.

**За третата точка од дневниот ред,**

Претседателот на НКБК, Буковалов, во рамките на точката разно истакна дека се очекува да се потпише Меморандум за 5г во Тирана.

Членот на НКБК, Славица Настеска, информираше дека Агенцијата за електронски

комуникации од 16 октомври отвори јавна расправа по предлог измените на Планот за намена на радиофреквенциските опсези во државата, со главен акцент на пионерските опсези за 5G. Јавната расправа трае 30 дена и секој може да достави свои мислења и забелешки.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________